СЕГА

Коалиција на младински организации

*Годишен Извештај 2008*

*Јануари, Прилеп, 2009*

# Преглед на реализирани активности и проекти

- ***Проект: "Интегрирање на родовата перспектива во Националната Стратегија за Млади на Република Македонија"***
  - *Активности*:
    - Младинска конференција за утврдување на приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади во Република Македонија
    - Обука за „Полова Еднаквост“ и „Младинска Политика“
    - Обука за членовите на Националниот Извршен одбор
    - Утврдени и организирани 8 работни подгрупи
    - Организирани 2 состаноци со Националната Комисија
    - Организирани 3 состаноци со Организациите кои работат на полова еднаквост
    - Јавна расправа за Нацрт Акциониот План од Националната Стратегија за Млади
    - Испраќање на Нацрт Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади до сите Министерства на Владата на Република Македонија и Меѓународните организации во република Македонија на разгледување
    - Организирани 2 состаноци со националната Комисија за подготовка на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади

- ***Проект: "Младите во заштита на јавниот интерес"***
  - *Активности*:
    - Воведување на Мрежа на младински групи и младински граѓански организации

- Состанок за разгледување со младите и младинските здруженија на граѓани
- Поддршка на младинските групи
- Процес на градење на капацитети на младинското граѓанско општество
- Поддршка на локалните кампањи за застапување
- Подготовка и дистрибуција на публикациите

## ❖ *Реализирани трибини:*

- Трибина на тема "Образование - досегашни реформски процеси и што понатаму?"
- Трибина на тема "Состојбата во политичкиот систем на Република Македонија, дали и зошто се потребни избори?"
- Трибина на тема "Културата - клуч за прогресивно општество"

## ❖ *Соработката на Lower-Normandy со Македонија*

- *Активности*:
  - Обука "Младинска политика, алатка за подобрување на животот на младите на локално ниво"
  - Обука "Младинска политика, алатка за подобрување на животот на младите на локално ниво"

# I. <u>Проекти:</u>

## 1. Интегрирање на родовата перспектива во националната стратегија за млади на Република Македонија

Период на реализација: Септември 2007- Јуни 2008

***<u>Главна цел:</u>***

- Подготвување на Акционен План 2009 година, за имплементација на Националната Стратегија за Млади

**Очекувани резултати**

<u>Конретни краткорочни резултати:</u>

- -Реструктуирање и ревитализација на Националниот управувачки комитет
- -Поддршка во процесите на пренесување на НСМ во сеопфатен Акционен План во која е интегриран принципот на родова еднаквост
- -Подготвен Акционен План 2009 год за имплементација на НСМ

<u>Долгорочен резултат :</u> Интегрирана родова перспектива во имплементацијата на НСМ

<u>Клучни целни групи:</u>

- 80 младински органзиации (или организации кои работат на младински прашања)
- Минимум 8 организации кои работат на прашања поврзани со родова сензитивност
- Агенција за млади и спорт на Р.М.
- Минимум 8 министерства при владата на Р.М.

За време на имплементацијата на овој проект, беа постигнати следниве резултати:

**- Младинска конференција за утврдување на приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади во Република Македонија**

Учесниците на Младинската конференција за утврдување на приоритетните акции за имплементација на Националната Стратегија за Млади во Република Македонија (која се одржа во хотелот „Континентал“ – Скопје на 26.09.2007), ги детерминираа приоритетните акции за имплемаентација на НСМ преку работа во осум мали работни групи. 55 учесници (26 женски и 29 машки) учествуваа на Конференцијата.Исто така, во согласност со очекуваниот број на организации – 8 женски/или организации кои работат на полето на полови прашања учествуваа на Конференцијата.

На Конференцијата:

- Беа потврдени приоритетните акциии за имплементација на Националната Стратегија за Млади (НСМ) во Република Македонија

- Членовите на Националниот Извршен Одбор беа транспарентно одбрани од страна на младинските организации;

- Одбраните и предложените членови за Националнита Комисија за подготовка на Националниот Младински Акционен План (Националната Комисија) беа одобрени и прифатени од Агенцијата за Млади и Спорт на Република Македонија (АМС) (државна институција која е одговорна за имплементација на НСМ во Македонија)

**- Обука за „Полова Еднаквост“ и „Младинска Политика“**

Планираната обука на тема „Полова Еднаквост“ и „Младиска Политика“ за Националната Комисија се одржа во хотел „Континентал“ во скопје во период од 23 – 25 ноември 2007. Обуката беше поделена на два дела. Првиот дел се однесуваше на развојот и значењето на половата перспектива и вториот дел од обуката беше со цел учесниците да добијат дополнителни информации поврзани со младинската политика, споредувајќи ја со искуствата со искуствата од другите младински политики во ЕУ.

**- Обука за членовите на Националниот Извршен Одбор**

На 24ти декември во рамките на Владата на Република Македонија, вториот дел од планираната обука за креирањето на Акциониот План беше реализиран со Националната Комисија. Имајќи во предвид дека за време на првиот состанок беа доставени материјали со информации за странското искуство и важни документи за младинската политика, на овој состанок директно се

премина на давање инструкции, насоки и создавање услови за елаборирање на Акциониот План.

**- Утврдени и организирани 8 работни подгрупи**

Во јануари 8 работни подгрупи беа формирани со цел да се подготви Акциониот План за 2009. За да се обезбеди транспарентен процес на учество во подготовката на акционен план, беа утврдени работните подгрупи кои вклучуваа 80 претставници од граѓанските организации и владините институции. На тој начин, членовите на Националната Комисија имаа можност да формираат работни подгрупи за да дадат поддршка за време на подготовката на Акциониот План 2009.

Работилницата за приоритетот Образование беше одржана од 7 до 9 март 2008 во Хотел Амбасадор, Скопје.

Работилницата за приоритетот Здравје и превенција беше одржана од 14 до 16 март 2008 во Хотел Амбасадор, Скопје.

Работилницата за приоритетот Младинско учество беше одржана од 21 до 23 март 2008 во Хотел Амбасадор, Скопје.

Работилницата за приоритетот Младинско информирање беше одржана од 28 до 30 март 2008 во Хотел Амбасадор, Скопје.

Работилницата за приоритетот Квалитет на Живот беше одржана од 4 до 6 април 2008 во Хотел Амбасадор, Скопје.

Работилницата за приоритетот Младинско самовработување беше одржана од 7 до 9 април 2008 во Хотел Амбасадор, Скопје.

Работилницата за приоритетот Култура беше одржана од 11 до 13 април 2008 во Хотел Амбасадор, Скопје.

Работилницата за приоритетот Локална младинска работа беше одржана од 19 до 21 април 2008 во Хотел Ампасадор, Скопје.

**- Организирани два состаноци со Националната Комисија**

На 20ти мај 2008  беше одрѓан Состанок со Националната Комисија за подготовка на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади, овозможено од унијата на Студенти при Универзитетот Св. Киирил и Методиј – Скопје. На овој настан, беа поделен првиот Нацрт Акционен План.

Вториот состанок со членовите на Националната Комисија беше одржан на 9ти јуни 2008 овозможено од Унијата на Студенти при Универзитетот Св. Кирил и Методиј –Скопје.

На состанокот се дискутираше за доставените препораки од Министерството за Труд и Социјална Политика.

**- Организирани 3 состаноци со Организациите кои работат на полова еднаквост**

На 14ти јули 2008 во Хотел Бест Вестерн – Скопје беше реализиран првиот состанок со организациите кои работат на половата еднаквост.

Целта на организираните состаноци со организациите кои работат на полова еднаквост е да се детерминираат дополнителни забелешки на Нацрт Акциониот План од Националната Стратегија за Млади.

На првиот состанок учесниците разгледуваа два приоритети: Образование и Младинско самовработување од Националната Стратегија за Млади.

На 22ри јули во Хотел Бест Вестерн – Скопје беже реализиран вториот состанок со организациите кои работат на полова еднаквост.

На вториот состанок учесниците разгледуваа три приоритети: Квалитетот на Живот, Здравје и превенција и Младинско учество.

На 28ми јули 2008 во Регионалната канцеларија на СЕГА во Скопје беше реализиран и третиот состанок со организациите ко работат на половата еднаквост.

На третиот состанок беа разгледувани три приоритети: Младинско информирање, Култура и Локална младинска работа.

Вкупно 155 дополнителни забелешки беа детерминирани за Нацрт акциониот План од националната Стратегија за Млади.

**- Јавна расправа за Нацрт Акциониот План од Националната Стратегија за Млади**

На 3ти септември 2008 во хотел Континентал – Скопје беше одржана Јавна Расправа за Нацрт Акциониот План од Националната Стратегија за Млади.

На 18ти август 2008, Коалицијата на младински организации СЕГА објави повик за учество на Јавната Расправа. 36 учесници, претставници од Здруженија на Граѓани од република Македонија учествуваа на Јавната Расправа.

Учесниците на Јавната расправа беа поделени во четири работни групи. Секоја работна група работеше на два приоритети од Нацрт Акциониот План од Националната Стратегија за Млади.

Од странана на здруженијата на граѓани беа дадени 101 забелешка по однос на Нацрт Акциониот План.

**- Испратен Нацрт Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади до сите Министерства на Владата на Република Македонија и Меѓународните организации во Република Македонија на разгледување**

Со цел да се вклучат дополнителни мислења во однос на Нацрт Акциониот План, да се подобрат и усвојат тековните стратегии или работни планови на Министерствата, Нацрт акциониот План беше испратен на разгледување до сите Министерста.

По периодод на разгледување од 20 дена, ние добивме 81 забелешка од Министерствата и 6 од меѓународните организации. На барање од Националната Комисија беше дополнително добиено мислење од Министерството за Правда за една активност.

По испраќањето на Нацрт Акциониот План до Владата на Република Македонија - Секретаријатот за Регулатива, беа добиени 4 забелешки.

**- Организирани 2 состаноци со Националната Комисија за подготовка на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади (Национална Комисија)**

На 21ви октомври 2008 и на 27ми октомври 2008 во канцелариите на Студентскиот Парламент при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје беа одржани финални состаноци со членовите на Националната Комисија. Главната цел на Националната Комисија беше да се разгледаат сите забелешки и мислења на различните стеикхолдери и да се финализира Нацрт Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади.

На состаноците беа разгледани 337 пристигнати забелешки (81 од различните Министерства, 155 од одржаните состаноци со организациите кои работат на полова еднаквост и 101 забелешка од одржаната Јавна Расправа за Нацрт Акциониот План со Здруженијата на Граѓани).

Комисијата прифати вкупно 193 забелешки (73 од Министерствата на Владата на република Македонија, 76 од одржаните состаноци со организациите кои работат на половата еднаквост и 44 од Јавната Расправа за Нацрт Акциониот План со Здруженија на Граѓани).

## 2. Младите во заштита на јаниот интерес

Период на реализација Септември2007-Јуни 2008

***Главна цел:***

- Градење на капацитети на младите луѓе и младинските граѓански организации во Источна Македонија
- Вклучување на младите луѓе во решавањето на локални и регионални политички прашања

***Проектни цели:***

1. Формирање на неформална мрежа на млади луѓе и младински организации во регионот на Источна Македонија
2. Афирмирање на постојните капацитети на малдинските граѓански организации во регионот и согласност за интервенирање за подобрување на нивните организациски капацитети
3. Осигурување на правна и финансиска поддршка на младинските неформални групи во процесот на нивна официјална регистрација во согласност со законодавството во Македонија
4. Обезбедување на основен тренинг на младинските организации од Источна Македонија за Градење на Тимови, Комуникациски вештини и лидерство, Project circle management, Односи со јавноста, Стратешко планирање, Создавање на политики, лобирање и застапување
5. Поддршка на шест локални младински кампањи за застапување фокусирани на специфичните интереси на младите луѓе во регионот
6. Публикување на прирачник „Како младите го штитат јавниот интересЌ и дистрибуирање на истиот до регионите од земјата.

СЕГА одржа состанок за проценка во Струмица за да ги идентификува потребите на групите.По двајца лидери од секоја организација одржаа еднодневен настан. За неформалните групи, СЕГА овозможи правна поддршка да им помогне со барањата за регисрација. Земајќи го во предвид лошиот економски развиј во источна Македонија, високата стапка невработеност кај младите (40 проценти), и и недостатокот од младински групи, СЕГА покри 50 проценти од трошоците за регистрација на групите.

Во првите три месеци од проектот, СЕГА одржа девет работилници за градење на капацитет на тимовите, комуникација, лидерство, проектен менаџмент, односи со јавноста, стратешко планирање, планирање на политика, и застапување. Дваесет и пет лидери, по двајца од секоја организација, учествуваа во тренинг програмата, со што се зголеми ннивното знаење и вештини.

За време на тренинг програмата, СЕГА работеше со организациите за да ги идентификува локалните предизвици со кои се соочуваат младите и и планот за градско дејствување дизајнирано со цел да им помогне на младите да станат поактивни во шесте општини. По евалуацијата на предложените активности, СЕГА ќе им помогне на шесте организации во застапувачките програми дизајнирани за олеснување на локалните проблеми со кои се соочуваат младите луѓе. СЕГА ги покри трошоците, до 1000$ по единица, на шест кампањи и им обезбеди експертски консултации и помош.

Конечно, СЕГА произведе case study за програмата, фокусирајќи се на лекциите научени за време на работењето со младите од Источна Македонија, примери за напредокот од локалните групи, успешните приказни од кампањите за застапување, и практичните препораки за однесување во понатамошната работа. СЕГА десиминираше 250 копии до НВо, училиштата, локалната самоуправа, и меѓународните организации кои работат со млади.

***Активности:***

1. ***Воведување на Мрежа на младински групи и младински граѓански асоцијации.***

Со цел да се да се рашират информации за целите и активностите, во насока да се подигне нивото на информираност на јавноста, информирањето/контактирањето со младинските организации кои работат со млади беа собрани на почетокот на имплементацијата на проектот. Информациите беа собрани преку постоечките адресари, различни е-маил листи, и исто така преку користење на контакти во некои локални самоуправи во таргет градовите. Овие контакти беа искористени за испраќање на Јавен повик за вклучување на младинските групи и организациите во проектот. Само 12 младински организации и 8 неформални групи аплицираа во предвидениот рок. Во согласност со информациите дадени на апликантите, проектниот тим одбра 12 групи по една младинска организација и по една неформална група од сите шест градови (Штип, Струмица, Кочани, Гевгелија, Кавадарци и Неготино). Сите апликантибеа информирани за резултатите од процесот на селекција, и селектираните младински организации и неформалните групи беа поканети да учествуваат на еднодневни состанок за проценка ма капацитетите и потребите за интервенции кои би можеле да ги зајакнат нивните капацитети.

Во овој период беше креирана е–маил листа за размена на информации помеѓу организациите што аплицираа на јавниот повик. Оваа листа е функционална сега (sega_list_youth@yahoogroups.com).

После објавувањето на повикот, беше организирана регионална прес конференција во Источна Македонија на 13ти ноември 2007. Прес конференцијата беше организирана со цел да ја информира јавноста за целите и главните активности на проектот. Настанот се одржа во Регионалната

Канцеларија на Коалицијата во Штип; и учествуваа 8 претставници на локални и регионални/национални печатени и електронски медиуми – тие подоцна известуваа во информативниот дел на нивните медиуми.

2. ***Состанок за разгледување со младите и младинските здруженија на граѓани***

Еднодневниот состанок за разгледување на организациските капацитети се одржа во Струмица (хотел „Тиверипол“). На состануокот учествуваа по двајца членови на секоја од селектираните организации и неформалните групи.

Овој настан беше организиран со цел изврши разгледување на организациите и неформалните групи согледувајќи ги нивните потреби за зајакнување на нивните капацитети, и според тоа, беше подготвена специфична алатка за организациска самопроценка на која се работеше за време на состанокот. Покрај ова, учесниците разговараа и за можностите за соработка и влијание врз локалната самоуправа за време на креирањето и имплементацијата на младинските политики.

Исто така, состанокот, кој беше прв состанок на сите учесници, беше искористен да им се овозможи на учесниците од проектот да се запознаат, да комуницираат и да им се претстават целите и активностите на проектот. Дополниетлен успех на состанокот беше интересот на локалниот медиум чиј што тим го посети состанокот и подготви кратки информации за настанот.

Овој настан им овозможи на селектираните организации и младински неформални групи да ги утврдат своите капацитети, нивните предности и слабости, да ги идентификуваат приоритетите и да ги идентификуваат потребите за градењето на нивните организациски капацитети. Од друга страна, проктниот тим имаше шанса да се состане со организациите, да ги сфатат и идентификуваат можните потрби за интервенција.

3. ***Поддршка за младинските групи***

За време на предходниот период на известување (јануари – март 2008) беше обезбедена правна поддршка за шестте неформални младински групи кои беа бенефициенти на овој проект, и три од нив (Младински Совет – Кавадарци, Младински Совет – Струмица и Доверливо утро – Неготино) беа финансиски поддржани за таксите за регистрација на граѓанска организација во согласност со македонските закони. Две други групи кои задоцнија со подготовката на неопходната документација (AQUA плус – Штип, ИДЕАЦИЈА – Кочани) беа регистрирани за време на периодот за известување (април – јуни 2008). Неформалната група од градот Гевгелија не покажа интерес за регистрирање како младинска организација, иако доби целосна правна помош.

## 4. Процес на градење капацитети на младинското граѓанско општество

Во согласност со планот за имплементација на проектните активности, беше организиран првиот од четирите семинари за обука. Овие тренинг семинари треба да ги зајакнат капацитетите на селектираните организации и неформалните групи и да им обезбедат знаење и вештини кои им се потребни за реализација на локалните кампањи кои се планирани за претстојниот период. Тренинг семинарот на тема „Градење на тимови, Комуникациски вештини и лидерство“ се одржа во Виница (хотел „Центро Бизнис“) во периодот од 21ви до 23ти декември 2007. На семинарот на кој присуствуваа 24 учесници, кои имаа шанса да ги зголемат своите вештини за комуникација и тимска работа и ги проширија своите знаења за лидерство. За време на тренингот беа користени различни методи и елементи на неформална едукација: презентации, brainstorming сесии, работа во мали групи, вежби за загревање, дискусии, евалуации; за цело време, едукаторот одржуваше задоволително ниво на интеракција и еднакво партиципирање на сите учесници.

Со оглед на евалуацијата на тренингот, беа постигнати ожекувањата на учесниците, кои беа искажани во анализите на финалната евалуација на тренингот и извештајот на едукаторот (кој дојде до заклучоци преку дискуциите со учесниците и невербалните индикатори, преку изразувањето во интерните евалуациони прашалници, и компарирање на примарните очекувања на учесниците до финалните коментари).

За време на подготвителниот период за овој извештај (месец јануари 2008), уште два семинари беа одржани („Project Circle Management“ и „Односи со јавноста“).

## 5. Поддршка на локалните кампањи за застапување

Со цел да се поддржат стекнатите знаења и вештини на малдинските организации кои се вклучени во проектот, и да се влијае на локалните самоуправи при креирањето на младинските политики или решавањето на другите политички прашања на локално или регионално ниво, овој проект поддржа 6 локални/регионални кампањи за застапување и лобирање. Повикот за аплицирање со предлог проекти (за кампањите кои адресираат младински проблеми и политики на локално ниво во 6 градови вклучени во проектот) беше објавен во претходниот период за известување (на 27ми март) и и беше детерминиран крајниот рок до 14ти април. Повикот беше дизајниран за младинските организации вклучени во проектот и 6те таргет градови од Источна Македонија – Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Штип, Струмица и Кочани.

Заклучно со 14ти Април, крајниот рок, 6 предлог проекти од 6 организации од 5 градови беа добиени, и беше формирана 5 члена евалуациска комисија за да ги отцени апликациите. Евалуационата комисија се состоеше од следните

членови: Зоран Илиески (Извршен Директор на Коалицијата и Координатор на Проектот), Дарко Конески (Координатор на Тренинг Центарот), Христијан Јанкулоски (Претседател на собранието на Коалицијата), Миле Илиески (Финансиски Менаџер), и Драгана Митровиќ (Регионален Асистент од Штип). Комисијата за проценка ги разгледа сите предлози и одлучи да додели 4 гранта за проекти во 4 градови, и ги информираше сите апликанти за одлуките и коментарите за подобрување до 22ри април. Во продолжение е листата на добиени предлог проекти од објавениот Повик:

*Реализација на Кампањата „Младите за простор“ преку следниве активности:*

***Струмица:***

- ***Спроведување на истражување меѓу младите во Струмица;***
- ***Петиција;***
- ***Дебата*** на тезата „Потребата на младите луѓе за отворање на простор за креативно изразување во Струмица“ ;
- ***Работни состаноци со претставниците на релевантните локални институции и бизнис секторот;***
- ***Хепенинг под мотото “Say yes for space” (Кажи Да за простор).***

***Штип:***

- ***Подготвителни активности;***
- ***Состаноци со Градоначалникот на општина Штип;***
- ***Организирање на 2 информативни работилници за младите;***
- ***Спроведување на истражување за приоритетните проблеми на младите од општина Штип;***
- ***Организирање на дефиле „Младите се Дел од Иднината! Бидете дел од МЛАП (Младински Локален Акционен План)!;***
- ***Организирање на централен настан – забава под мотото на Кампањата;***
- ***Јавна трибина на клучните партнери;***
- ***Дизајнирање и печатење на материјалите;***
- ***Вообичаена презентација пред медиумите.***

***Неготино:***

- ***Печатење и дистрибуција на флаери и постери;***
- ***Состаноци со директорите на основните училишта од општина Неготино;***

- ***Организирање на едукативна работилница и уметничка колонија;***
- ***Организирање на изложба.***

***Кочани:***

- ***Состанок со претставниците на малдинските средношколски унии***
- ***Состанок со потенцијалните учесниците во програмскиот дел на хепенингот***
- ***Подготовка и дизајн на флаерите***
- ***Работа со учесниците во програмата на хепенингот***
- ***Состанок со директорот на Домот на Културата „Бели Мугри“***
- ***Набавки и печатење на маички***
- ***Одржување на младинскиот хепенинг***

## 6. Подготовка и дистрибуција на публикациите

Во периодот од 1 мај до 10 јуни, 2008, кога четирите кампањи веќе беа имплементирани од страна на организациите кои добија грантови, проектниот тим ги мониторираше сите активности и работеше на подготовка на публикацијата „Како младите го заштитуваат јавниот интерес“. Публикацијата содржи информации за: превземените проектни акции насожени кон зајакнување на граѓанскиот сектор во Источна Македонија; приказни за успехот од реализираните локални кампањи претставени од учесниците и различните партнери, постигнувајќи различни цели од нивните кампањи.

Публикацијата беше испечатена во 500 примероци на македонски јазик, и беше дистрибуирана до различни образовни институции (училишта, универзитети), граѓански организации, Локални самоуправи, меѓународни организации кои работат со граѓанските организации во регионот и на други партнери, во периодот од 15 до 30 јули 2008 година.

Иако не беше планирано со проектот, беше подготвена Англиска верзија на публикацијата само во електронска верзија со цел да се дистрибуира ди странските меѓународни организации и партнери.

# *II. ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИ ТРИБИНИ*

Со цел да се направи анализа на состојбите кои се значајни за целокупниот општествен живот на граѓаните на Република Македонија, Коалицијата на младински организации СЕГА организира сериал на трибини на кои покани соодветни домашни експерти.

**Трибина на тема "Образование - досегашни реформски процеси и што понатаму?" одржана на 23.04.2008 год. во хотел Best Western Скопје**

На 23.04.2008 година во хотелот Best Western Скопје се одржа трибината на тема: "Образование - досегашни реформски процеси и што понатаму?"

Модератор на трибината беше Зоран Илиески - Извршен директор на Коалиција на младински организации СЕГА.

На трибината учествуваа следниве учесници:

1. Г-дин Перо Стојановски, Државен секретар во Министерство за образование и наука
2. Г-дин Душко Миновски, Државен секретар во Министерство за труд и социјална политика
3. Продекан Виолета Арнаудова, Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Скопје
4. Д-р Саша Митрев, Ректор на Универзитет "Гоце Делчев", Штип
5. Проф. д-р Златко Жоглев, Ректор на Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола
6. Проф. д-р Гале Галев, Декан на Правен факултет, Скопје
7. Проф. д-р Марија Ташева
8. Г-ѓа Весна Хорватиќ, Директор на Биро за развој на образование
9. Г-дин Самоил Малчевски, Претседател на ССУКМ
10. Г-дин Душан Бекриќ, Претседател на Средношколска Унија на Македонија

Трибината ја започна модераторот Зоран Илиески, кој на почетокот им се заблагодари на учесниците за нивното присуство и ја нагласи целта на трибината: Анализа на реформските процеси во образовниот систем на Република Македонија и општата цел на организирањето на трибините: Да се направи анализа на состојбите во овие области кои се значајни за целокупниот општествен живот на граѓаните на Република Македонија.

Модераторот го покани Државниот секретар во Министерството за образование и наука да даде кратка анализа на се она што е реформски сработено од 2006 год. до денес. Во неговото излагање тој се задржа на два елементи:

- Состојбата на образованието во 2006 год.
- Што е она што Владата на Р.М. од 2006 год. го направи за подобрување на состојбите во образованието

Државниот секретар детално ги објасни активностите од 2006 година: процесот на децентрализација, воведување на деветтолетката во основното училиште, подобрување на инфраструктурата, опфатени 1/3 од основните училишта и 1/4 средните училишта со процесот на реконструкција, реализирање на проектот за санација на санитарни јазли, воведување на задолжително средно обнразование во учебната 2008/2009 година, донесување на Законот за високо образование за имплементација на Бољонскиот процес, донесен Закон за технолошки развој, Закон за научно-истражувачка дејност, олеснет начинот за нострификација на дипломите за завршено високо образование во странство (процедурата е 20 дена), се предвидува отворање на нови факултети, донесен Законот за доживотно образование, реализиран е проектот “Ајде да сурфаме“, доделени 125 стипендии за студентите по информатика, во наредните 3 години бројот ќе биде зголемен на 500 стипендии, во тек е изготвување на елаборат за изградба на нови 100 училишта со јавно-приватно партнерство, реализација на проектот “Веронаука и историја на религиите“, избран е најповолен понудувач на 10 минибуси и автобуси кои ќе бидат доделени на најсиромашните рурални средини, воведување на етика и странски јазици и зголемување на часовите за физичко образование, започнување на проектот за изградба на 146 спортски сали, воведено е електронско аплицирање за местата во студентските домови и аплицирање за студентски стипендии и кредити.

Државниот секретар Душко Миновски од Министерство за труд и социјална политика накратко ги објасни активностите кои се превземаат во делот на подигнување на квалитетот на животот на секој поединец, донесување на Стратегија за одржлив демократски развој, во тек е донесувањето на Законот за социјалната заштита, една од мерките од овој закон се т.н. кеш трансфери, кои се еден вид зголемување на социјалната помош, со тоа што родителите се обврзани нивните деца да посетуваат градинки, мајките да посетуваат гинеколошки преглед, 2 пати годишно преглед на здравствената состојба и т.н.

Ректорот, проф.д-р Златко Жоглев на Универзитетот Св. Климент Охридски Битола, ја истакна поврзаноста на високото образование со другите институции, важноста од донесувањето на Законот за Високо образование,

воведувањето на концептот за интегриран Универзитет, позицијата на ректорот, го објасни советот на универзитетот, концептот за децентрализација, формирање на Ректорска конференција на јавните Универзитети и го потенцира оптичкото поврзување на јавните Универзитети.

Во дискусијата се вклучи државниот секретар на Министерството за образование и наука Перо Стојановски кој го нагласи дефицитетот на наставен кадар на Универзитетите во Р.М. потребата од интегриран Универзитет и одвојувањето на државните Универзитети посебно како буџетски ставки.

Ректорот д-р Саша Митрев од Универзитетот Гоце Делчев Штип го објасни основањето на Универзитетот Гоце Делчев според новиот Закон за високо образование. Унивезитетот е интегриран, во оваа студиска година се запишани 1600 студенти, од буџетот на Р.М. биле потрошени скромни средста за негово формирање, ја нагласи потребата од вработување на асистенти и наставен кадар. Потребата од современа библиотека, спортска сала, воведен кредит трансфер систем, унифициран начинот на воведување на електронски индекс, унифициран начинот на оценување и начинот на припрема на семинарски работи и колоквиуми.

Продеканот Виолета Арнаудова на Универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје ја објасни бројката на  студенти кои сега ја имаме околу 53 000 студенти и потребата таа да се зголеми на 70 000 студенти до 2015 год. исто така продеканот Виолета даде анализа за состојбата на докторите во Р.М.

Директорката на Бирото за развој на образованието Весна Хорватиќ ја истакна улогата на наставниците, важноста од обуката на наставниците за пренесување на знаењата до учениците, реформите кои се воведуваат треба да бидат проследени со перманентна поддршка на наставниците.

Во дискусијата се вклучија и Самоил Малчевски, претседател на ССУКМ кој ја истакна важноста од имплементирање на Бољонскиот процес и Душан Бекриќ, претседател на Средношколската Унија на Македонија кој ги пофали проектите; Компјутер за секое дете, изградба на сали, проектот Бизнис и претприемаштво и ја истакна потребата од намалување на времетраењето на часовите и потребата од воспитување на учениците во средно образование.

Трибината заврши со говор на модераторот Зоран Илиески кој им се заблагодари на учесниците за присуството и дадениот придонес на оваа трибина.

**Трибина на тема “Состојбата во политичкиот систем на Република Македонија, дали и зошто се потребни избори?“ одржана на 24.04.2008 год. во хотел Holliday In Скопје**

На 24.04.2008 год. во хотелот Holliday In Скопје се одржа трибина на тема:“Состојбата во политичкиот систем на Република Македонија, дали и зошто се потребни избори?“.

Модератор на трибината беше Христина Рунчева.

На трибината учествуваа следниве учесници:

1. Проф. д-р Ѓеорѓи Иванов
2. Проф. д-р Бранко Саркањац
3. Д-р Васко Наумовски - Аналитичар
4. Проф. д-р Панде Лазаревски
5. Г-дин Љубен Тевдовски - Директор на Институт за културна дипломатија

Модераторот ја започна трибината и отвори дискусија во однос на темата.

Проф. д-р. Ѓорѓи Иванов даде историски преглед на демократските процеси, споредба со парламентарните искуства во Англија и USA. Тој потенцира дека Парламентот е контролен механизам за работата на Владата кај нас, споредувајки ги искуствата со Англија, тој посочи дека тој систем обезбедува неможност за закочување на работата на институциите на сиситемот вклучувајќи парламентарна и извршна власт, специфично во делот на контрола на работата помеѓу двата апарати.

Конструктивна и деструктивна опозиција постои секогаш во сите општества но политичкиот систем на една земја , не носењето на политички одлуки значи распад на политичкиот систем.

Пресек е направен во историјата на политичкиот систем кај нас, што прв пат се случува да биде распуштен парламентот. Не треба да се гледа дека е направен лош чекор со самораспуштањето на парламентот, посочувајќи го примерот со Италија. Истакна дека доколку не требаше да има предвремени избори, во тој случај би се решил проблемот со членство во НАТО и ЕУ? НЕ -

рече тој, зошто се знае кој е условот, промена на името на државата, но тоа не ми се верува дека би го направила било која Влада.

Проф. д-р Панде Лазаревски истакна дека ако функционирењето на парламентот не е континуирано, тоа значи дека ниедна Влада не може да ги оствари реформите, зошто не е можно носење на реформските закони.

Кога набљудуваме од надвор можеме да кажеме дека ставот на Грција за името не значи дека треба да се формира ново владино мнозинство само да се реши проблемот со името на Македонија. За да се обезбеди одговор кон барањето на меѓународните предизвици, значи предвремени избори значи соочување со граѓаните, одговорност на сработеното, добродојдено е да се има избори.

Ако има избори не значи дека нема да функционира системот додека има избори, од искуството на МК може да се каже дека сме стабилна демократија, бидејќи веќе неколку избори по ред државата функционира нормално/јавната администрација.

Треба да се соочиме со одговорност.

Неопходен е инструмент за спроведување на политиките на Владите.

Проф. д-р Бранко Саркањац истакна дека лекцијата е стара, пливањето се учи со влегување во вода, влегуваш и учиш да пливаш, што ќе донесат овие предвремени избори никој не може да знае. Оваа ситуација на политички план, сосема легитимно е да се говори дека предвремените избори , ќе ги има, иако јавноста е затекната со прашањата:Зошто да има предвремени избори?

Во изминативе 15-16 години не успеавме да расчистиме со два поими, се разликува меѓу владеење и управување, во светот се зборува за управување, кај нас се спомнува партија на власт значи владее, тој што е на власт е лош!! Точно е, на ако зборуваме за управување со голем број на политички актери кои учествуваат во управување, не само власт, туку и медиуми, бизнис сектор, НВО сите учествуваат во управување. Распишување на избори предвремени значи ..... нема скриена агенда, дека власта сака да си направи уште 4 годишен мандат, но се повеќе се појавува бистрина на сликата за тоа дека предвремените избори ќе помогнат во напредокот на демократијата.

Добар е моделот на Англија, секаде каде се применува тој систем, секаде има напредок на економија, ако ја споредеме програмата на ДПМНЕ јасно ми е сосема зошто е потребата за предвремени избори, за да се добие побрз развој на економијата. Треба да се гледа добронамерно ако зборуваме за луѓе кои зборуваат за управување, а не за владеење. Може да се анализира дека луѓето излегуваат од министерската, пратеничката фотеља, а влегуваат во ризик,

одат на избори. Сметам дека може да се чека со добро за РМ бидејќи ова е прв пример на самораспуштање.

Д-р Васко Наумовски, Њујорк колеџ рече: Зошто предвремени избори, со овие избори падна митот дека никој ништо не ми може за 4 години. Меѓу губитниците се и голем број на сегашните пратеници, но и оние кои се човек партии кои континуирано флертуваат со двете политички групации, како пример владеачка партија на локални избори замина сама па не освои нити еден градоначалник. Или да се формира политички блок или да се застане здраво на свои нозе.

Овие предвремени избори покажаа дека партиите треба да бидат блиски со граѓаните во текот на целиот мандат, а не само еднаш на 4 години. Минатата година покажа дека спречувањето поради распоредот на силите во парламентот не одговара со реалност. Два начини или да се смени реалноста или распоредот на силите. Реалноста неможи, значи мора да се провери поддршката на политичките партии од граѓаните и да се оди на избори. Она што ме зачудува е дека вообичаено е, дека оние кои не се на власт бараат предвремени избори за да дојдат на власт, ова е единствен случај кога партиите во позиција се изјаснија за избори. Кога опозицијата несака да дојде на власт, ....

Во однос на прашањето дека не ни требаат избори заради името, ако прашањето беше лесно решливо ќе се решеше во изминатите 17 год. и покрај декларативното изјаснување на сите политички партии за непромена на името.

Државниот врв не не внесе во НАТО не држи место, зошто јавно се зборува дека не влеговме во НАТО затоа што не го прифативме предлогот Република Скопје (Македонија).

После Букурешт се свесни дека дологорочните одлуки треба да бидат донесени од стабилно мнозинство, Влада која би била не подложна на нестабилност долгорочно.

Директорот на Институт за културна дипломатија, Љубен Тевдовски рече: Јсс сум поборник дека сите придонесуваме онаму каде сме стручни. Би започнал со тоа дека проверката на избори е демократско право и предизвик,.

Откраднувањето на ЕУ Атланската перспектива имаше за цел да го ослаби системот и нашата преговарачка позиција. Тешко постигнатиот консезнус, многу мина очекуваа дека ќе спласни и ќе исчезни, очекуваа дека ќе се намали економскиот напредок на државата. Но оние кои веруваа во капацитетите на македонското општетсво, истражувањата покажаа дека граѓаните се уште се за ЕУ Атланска Македонија, релевантните партии излегоа со ЕУ АТЛАН агенда за овие избори. За момент запрепастени од ваквата состојба, дел од недобронамерниците, почнувајќи дека идентитетот е битна компонента на нашата држава. Ако имаме теми за економски состојби во услови на

глобализација, националниот идентитет е од круцијална важност, како на пример Франција по милијарда УСД вложува годишно за подобрување на својот индентитет. Брендирањето на земјата се истите концепти кои ги практицираат западните држави кои генерираат стабилност во напредокот на нивните земји. Идентитетот е важно прашање за една млада нација. Констатација .. Релевантнитие ПП кои имаат ЕУ Атлан определби имаат должност да влезат во дијалог со граѓаните, бидејќи граѓаните очекуваат да си го кажат своето мислење. Доколку не можат да ја изгубат својата поддршка.

Партииите кои немаат друга агенда ги користат како свои ЕУ Атлански структури, па имаме кампањи ПАТРИОТСКИ или ЕВРОПСКИ. Оние субјекти кои велат дека патриотската и ЕУ Атлан агенда се различни, значи грешат. Мора да го провери својот легитимитет на избори секоја политичка партија.

Гордана Сиљановска истакна: Деловникот за работа на Собранието, Ве уверувам дека освен УСА конгрес , не е ограничено говорењето во други земји на светот.

Самораспуштањето на парламентот.

Редок феномен во светот, никој не посегнува по политичко самоубиство. Во Израел се случува, Австрија, Турција и уште неколку земји. Измени во Уставот каде би се предвидело вакво функционирање на институциите.

Дилеми, околу изборниот модел, и на овие избори одиме на пропорционален модел без изборен праг. Многу се зборува но ништо не се менува во смисла на закони за избори. Изборите треба да носат нови ликови, но листите се затворени од лидерите на партиите зависи на кое место ќе се најде поединецот. Во пропорционален изборен систем не е добро да се коалицира пред избори, бидејќи на листата се наоѓаат сите партии, граѓаните за чија програма гласаат граѓаните, за оној кој е 2 на листата, а е од друга партија??

Вчера во Бг Премиерот разреши неколку министри, а нема земја на планетава каде има индивидуална одговорнсот. Решение е да 1/3 промени и да добие мандат од парламентот.

Премиер да поднесе оставка, да каже дека не може да ја води Владата.....

За да видиме нови ликови треба да се смени системот , на пример Германскиот ½ по мнозински и ½ по пропорционален систем, јас се залагам за тој модел. Зошто пропорционалнио го критикувам, зошто немаме демократска традиција, не се прави разлика помеѓу држава и партија. Два клучни проблеми, опасност од политички систем да се употребуваат државните ресурси во кампања, и во текот на кампањата преку спрегите со бизнис елитата да се гради подземна економија (доколку ме финансирате ќе добиете поддршка кога ќе дојдеме на власт).

Профилот на МК политички партии. Покрај нивните идеологии за да се дојде до гласачи се е дозволено, често пати неможеме да препознаеме партии споредувајќи со што започнале, а каде завршиле. Повеќе се занимаваат со конкурентската партија, отколку со својата програма, ова делува на гласачите ги демотивира, ги разочарува зошто никој не нуди ништо. Изборите се битка во која ќе се пласираат промените. Јавна тајна е дека клучниот фактор во изборите се медиумите, иако имаме Совет на радиодифузија, сепак на денот кога нема да има странски набљудувачи во МК ќе знаеме дека е во ред со МК демократија, се додека има значи дека може да има повреди во деморатијата.

Главната битка ќе биде помеѓу проевропските партии и патриотските партии, е само вештачка дилема. Првиот тест по саморасуштање на парламентот го поминавме, сега треба да докажеме дека можеме да изведеме демократски фер избори дека Македонија помина уште еден демократски тест во извештајот на ЕУ на есен .

Да не се прави фама од избори, бидејќи во демократија нема потреба да се прави фама. Треба да знаеме дека изборите се природна појава во демократија.

Проблемот на македонското општество е тоа што политичките партии секогаш грешките ги бараат  во груги peдинци. Овој форум го гледам како искажување на научен став. Јас се чувствувам близок  на оваа власт, ерез било да се мисли поинаку од оние кои мислат дека се партија држава. Зошто не му се вклопуваш во шема ќе бидат на тапет ставени медиуми, професори , НВОи.

Трибината заврши со говор на модераторот Христина Рунчева која им се заблагодари на учесниците за присуството и дадениот придонес на оваа трибина.

**Трибина на тема “Културата - клуч за прогресивно општество“ одржана на 30.04.2008 год. во хотел Holliday In Скопје**

На 30.04.2008 година во хотелот “Holliday In“ во Скопје се одржа третата по ред трибина од сериалот трибини кои ги организира Коалицијата на младински организации СЕГА. Целта на оваа трибина беше да се направи анализа на состојбите во оваа област, култура која е значајна за целокупниот општествен живот на граѓаните на Република Македонија.

Модератор на трибината беше Маја Чанаќевиќ - Директор на Македонска филхармонија

На трибината присуствуваа:

1. Бојан Трифуновски - Режисер
2. Јован Шурбановски - Директор на Музеј на град Скопје
3. Петре Темелковски - Актер
4. Лора Трачуговска - Македонска опера и балет
5. Бети Канчевска Милевска - Државен секретар во Министерство за култура
6. Паско Кузман - Директор
7. Ѓорѓи Јолевски - Актер
8. Проф. Кокан Грчев
9. Дејан Лилиќ - Актер
10. Проф. Благоја Мановски

Модераторот на трибината Маја Чанаќевиќ - Директор на Македонската филхармонија ја отвори трибината и ги покани присутните гости да земат учество.

На трибината беа донесени следниве заклучоци:

- Македонското културно наследство, артефактите, творештвото, но и културата која во моментов се создава мора да се презентира надвор од границите на државата за светот да го види значењето на Македонија и македонскиот народ.

- Не бројот на артефакти што ние ги чуваме туку напротив како тие се интерпретираат, која приказна ја носат, што кажуваат. Само со интерпретација на културата ќе успееме да создадеме прогресивно општество - рече Јован Шурбановски - Директор на Музеј на град Скопје.

За културата мора да постои стратегија и од тоа не смее да се отстапи. Во неа би била и презентацијата на културата која во моментов заради немање на финансии и визни бариери останува затворена.

- Нашата политичка елита треба многу да работи на тоа културниот концепт да се промовира надвор од границите на Република Македонија и да се најдат средства за тоа - рече Ѓорѓи Јолевски - актер.

Културата од секогаш била на маргините од системот иако кога и да се појави политички проблем се повикува на неа и на идентитетот. Затоа вложувањата во културата мора да бидат поголеми.

- Државата мора во аритметичка прогресија повеќе да инвестира во живата култура - смета Бојан Трифуновски, режисер.

Потребна е стратегија за културата, поголеми вложувања во неа, зачувување на идентитетот и јазикот, презентација надвор од земјата се дел од заклучоците на учесниците од трибината “Културата – клуч за прогресивно општество“.

Модераторот Маја Чанаќевиќ на крајот и им се заблагодари на учесниците за

учеството и дадениот придонес на оваа трибина.

## III.Соработката на Lower-Normandy со Македонија

*Прва акција: "Помагање на локалните авторитети да дефинираат и имплементираат одржливи и партиципативни младински политики".*

Оваа акција ја поддржа политиката на локално ниво, во поврзаност со процесот на децентрализација. Се организираа состаноци, обуки, и работилници со широк тематски опсег: Младиско информирање, Младинска партиципација на локално ниво, Размена на активности преку интернет, Реализирање на педагошки водич за дефиницијата и имплементацијата на одржливи и партиципативни локални младински политики, Размена на млади и Состанок помеѓу двете територии, двете отворени кон Европа.

*Првата активност* се фокусираше на ефективна дифузија на информации, организирање на состаноци и обуки на двете територии на оваа тема. Методологијата опфати размена на искуства, презентација на алатки и добри практики, практични вежби.

*Втората активност* се фокусираше на младинската партиципација во процесот на одлучување и локалниот живот преку различни форми: здруженија, јавен настан, петиција, младински совет, младински форуми... Целта на оваа активност беше да се разменат искуства поврзани со младинската партиципација, со нагласок на институционалното учество при локалните авторитети, за подобрување на квалитетот на младинското учество во елаборацијата и имплементацијата на локалните младински политики.

*Третата активност* се фокусираше на поврзан субјект, пристапот и присуството на младите во локалните медиуми.

Овие три активности како тренинг, состанок и работилници се одржаа одделно на двете територии со учество на млади луѓе, локални авторитети и претставници на здруженија. Работата на различните активности беше прикачена на веб-порталот на проектот.

*Четвртата активност ќе се одржи за време на втората година на проектот, каде се сретнуваат сите млади луѓе кои учествувале во различните проектни активности.*

*Финално, петтата активност* ќе биде реализација и публикација на педагошки водич за планирањето и имплементирањето на партиципативна локална младинска политика.

**Обука "Младинска политика, алатка за подобрување на животот на младите на локално ниво"**

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со House of Europe of Caen Basse-Normandie во периодот од 21 – 24 Август 2008 година во хотел Климетица Охрид ја организираа обуката за "Младинската политика, алатка за подобрување на животот на младите на локално ниво". На настанот учествуваа шеснаесет учесници, тројца претставници од Општините (Штип, Прилеп и Радовиш), десет претставници од младински организации, еден тренер/експерт, еден технички асистент и еден претставник од House of Europe of Caen Basse-Normandie. На тренингот учесниците се стекнаа со знаења кои се во насока на интернационалниот документ кој се однесува на младинската политика и партиципацијата на младите како "Бела книга за младинска политика", "Европска Повелба за учество на младите луѓе во локален и регионален живот" и "Националната стратегија за млади на Република Македонија". Со користење на следнава методологија: презентација, работа во мали работни групи, игри, дебати, учесниците се стекнаа со знаења за механизмите за младинска партиципација во процесите на одлучување и како да ги користат техниките за застапување и лобирање. На последната сесија од обуката учесниците разговараа за идните чекори кои што би ја зголемиле соработката со Нормандија и Македонија.
Идни чекори:

1. Размена на волонтери Македонија – Франција
2. Размена на искуства во следниве области:
   - Функција и работа на младинските организации
   - Соработка со Локалната Самоуправа
   - Младинска партиципација
   - Пристап и работа со ЕУ фондовите
   - Партнерски проекти
3. Организирање на заедничка конференција на тема Младинска политика
4. Организирање на тренинг за работа со ЕУ фондови за млади
5. Организирање на студиска посета на Европскиот парламент, Европска комисија, Совет на Европа и Европски младински форум
6. Организирање на средби со градоначалници, состаноци и соработка помеѓу младинските совети

**Обука "Мобилност на младите"**

Во периодот од 20 – 23 Септември 2008 година во хотел Климатица Охрид се реализира обуката "Мобилност на младите". На настанот учествуваа седумнаесет учесници, шест претставници од Општини (Штип, Прилеп, Радовиш, Струмица, Берово и Велес), осум претставници од младински организации, еден

тренер/експерт, еден технички асистент и еден претставник од House of Europe of Caen Basse-Normandie.

За време на тренингот учесниците се стекнаа со нови знаења за Младинската политика на европско и национално ниво. Користејќи ја следнава методологија: презентација, работа во мали групи, игри, дебати, учесниците се стекнаа со знаење за различните фактори кои влијаат на намалувањето на мобилноста на младите. Исто така за време на обуката беше пренесено позитивното искуство во Франција од страна на претставникот од European House.

На последната сесија учесниците разговараа за идните чекори кои што би ја зголемиле соработката помеѓу Долна Нормандија и Македонија и за програмата од Советот на Европа Citizen for Europe. За таа цел учесниците беа поделени во две мали групи и работеа на развивање на идеи за соработка помеѓу Македонија и Долна Нормандија.

Неколку примери од проектни цели, активности и очекувани резултати:

**I група**

**Проектна идеја**

Town Twinning помеѓу Македонија и Долна Нормандија од Франција

**Главна цел**

Подобрување на мобилноста на младите луѓе и Локалните самоуправи помеѓу Македонија и Долна Нормандија Франција

**Специфична цел**

Воспоставување на мрежа за охрабрување на мобилноста помеѓу локалните општини од Прилеп, Радовиш и Каен

**Резултати**

- Отворени три информациони центри во локалните општини од Прилеп, Радовиш и Каен
- 50 млади луѓе ги користат услугите на центарот
- Потпишан меморандум за соработка помеѓу општините

**Активности**

- Формирање на координативен тим составен од претставници од локалните самоуправи и локалните НВО
- Одржување на официјален состанок помеѓу претставниците на локалните самоуправи
- Дефинирање и потврдување на програмата за работа за информационите центри

- Промоција на програмата за работа на информационите центри до локалните НВО, јавниот и приватниот сектор
- Реализирање на кампања за информирање и мобилизирање на младите луѓе за инволвирање и учество во информационите центри

**II Група**

**Проектна идеја**

Промовирање на интеркултурниот дијалог помеѓу Македонија и Долна Нормандија

**Главна цел**

Придонес во зголемување на мобилноста на младите низ подобрување на интеркултурниот дијалог

**Специфични цели**

Приближување на младите од Македонија и Долна Нормандија низ размена на културни вредности

**Резултати**

- Организирање на презентација на Француската култура во Велес
- Организирање на презентација на Македонската култура во Каен
- Организирање на три месечна студиска посета на 50 луѓе од Источна Македонија (18 – 25) за изучување на Француската култура и јазик
- Организирање на три месечна студиска посета за 50 млади луѓе од Долна Нормандија (18 – 25) за изучување на Македонскиот јазик и култура

**Активности**

- Формирање на координативно тело со 3 претставници од секоја страна
- Организирање на презентација на Француската култура во Велес низ: обезбедување на претставници, информирање на јавноста, обезбедување на простор во општините
- Организирање на презентација на Македонската култура во Долна Нормандија во Каен низ: обезбедување на учесници, информирање на јавноста и обезбедување на простор во општината
- Организирање на три месечна студиска посета на 50 млади луѓе од Македонија низ: обезбедување на визи, обезбедување на акомодација, ангажирање на наставници, потпишан меморандум за соработка помеѓу општините, подготвување и печатење на наставнички материјали, тестирање на студентите за стекнатите знаења, доделување на сертификати и награди
- Организирање на три месечна студиска посета на 50 млади луѓе од Долна Нормандија низ: обезбедување на визи, обезбедување на

акомодација, ангажирање на наставници, потпишан меморандум за соработка помеѓу општините, подготвување и печатење на наставнички материјали, тестирање на студентите за стекнатите знаења, доделување на сертификати и награди